# Стратегиски план
# за локален економски развој на
# општина Демир Хисар
# (2009 - 2013)

**Демир Хисар,**
**Ноември 2008**

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

MACEDONIA LOCAL
GOVERNMENT ACTIVITY

Изработката на овој Стратегиски план беше подржана од Проектот за поддршка на локалната власт финансиран од Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој, а спроведен од Асоцијацијата за рурален развој – ARD Inc.

# Содржина

Обраќање на Градоначалникот

Вовед од координаторот за локален економски развој

1. Основни податоци за општина Демир Хисар ....................1

2. Процес на стратегиско планирање на локалниот економски развој....................7

Што е ЛЕР? ....................7
Стратегиско планирање на ЛЕР во општина Демир Хисар ....................7

3. Стратегиски план за локален економски развој на општина Демир Хисар ....................9

SWOT анализа на моменталната состојба со локалниот економски развој....................9
Главни заклучоци од економската анализа на состојбата....................13
Визија и Стратегиски насоки на локалниот економски развој на општината ....................14
Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам....................15
Стратегиска област 2: Поддршка на развојот на МСП и семејните бизниси во општината....................17
Стратегиска област 3: Создавање на услови за брз економски развој преку подобрување на инфраструктурата и услугите на локалната администрација ....................18
Стратегиска област 4: Рурален развој (унапредување и зголемување на земјоделското производство)....................19

4. Спроведување на Стратегискиот план за ЛЕР и проектни задачи ....................21

Основни принципи за спроведување на Стратегискиот план за ЛЕР на општина Демир Хисар....................21
Основни принципи за следење и оценка на спроведувањето на Стратегискиот план за ЛЕР на општина Демир Хисар ....................21

5. АНЕКСИ....................i

Анекс 1. Листа на членови на Општинскиот тим за ЛЕР....................i
Анекс 2. Листа на поединци вклучени во подготовката на Стратегискиот план....................i
Анекс 3. Проектен формулар за подготовка на проектни апликации ....................ii
Анекс 4. Користени кратенки ....................iv
Анекс 5. Табеларен приказ на Стратегискиот план за ЛЕР на општина Демир Хисар....................v

**Почитувани,**

Процесот на децентрализација и новиот Закон за локална самоуправа иницира потреба од изготвување ефикасни програми, односно проектни активности. Затоа го иницираме овој процес за локален економски развој кој е од особено значење за нашата општина.

Развојот на една локална заедница зависи од многу фактори. Тешко можат да се одвојат поважни од помалку важни, гледано низ призмата на животот во заедницата.

Стратегискиот план за Локален Економски Развој на општина Демир Хисар е значаен документ, единствен од овој тип кој нуди стручна анализа и проекција за развојните можности за периодот до 2013 година. Ова е резултат на заедничкиот труд и работа на тимот за ЛЕР, се надевам дека податоците што ги содржи, ќе бидат корисни, а образложените приоритетни задачи привлечни за домашните и странските инвеститори кои ќе придонесат со нови инвестиции, искористување на потенцијалите во општина Демир Хисар.

Тимското работење е долгорочна и одговорна задача која бара од сите максимални напори и залагање. Вие сте тимот кој го даде правецот, односно насоката во која ќе се движиме во иднина.

Благодарност до сите учесници во тимот кој работеше на Стратегискиот план за локален економски развој на општина Демир Хисар, како и на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој, УСАИД која несебично го помогна изготвувањето на овој документ.

Градоначалник,<br>
на општина Демир Хисар<br>
Љупчо Најдовски

# Вовед

Локалниот економски развој секогаш треба да почне со формулирање на стратегија.

Стратешкото планирање е системски процес преку кој општините превземаат конкретни чекори за економски развој и истиот ја дефинира визијата и стратешките (долгорочни) цели преку дефинирање на конкретни развојни цели и мерки, односно проектни задачи и нивна реализација.

Локалниот економски развој е процес со кој општината го унапредува квалитетот на живеење на своите граѓани, преку создавање на нова стопанска и општествена благосостојба.

Децентрализацијата подразбира постојана соработка на локалните власти и граѓаните во решавањето на прашања од надлежност на општината. Општината го планира локалниот економски развој, утврдува приоритети, води локална економска политика, го подржува развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото на локално ниво, учествува во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции, го промовира партнерството.

Партнерствата се модели кои ги инволвираат локалните власти, приватниот сектор, јавните институции и граѓаните застапени преку цивилниот сектор.

Во изработката на стратегијата за ЛЕР на општина Демир Хисар работеше тим, во кој беа вклучени претставници од јавниот, приватниот и НВО секторот, кои дадоа сопствен придонес и учество во креирањето на стратегискиот план.

Стратегискиот палан за ЛЕР ќе биде рамка за дејствување, која ги зема во предвид расположивите ресурси и можностите и придонес во економскиот развој.

Одделението за ЛЕР и општествени дејности им се заблагодарува на сите членови на тимот за придонесот и учеството во креирањето на стратешкиот план за општина Демир Хисар.

Координатор за ЛЕР
Општина Демир Хисар
Мише Милошевски

# 1.

## Основни податоци за општина Демир Хисар

| ИМЕ НА ОПШТИНАТА | Демир Хисар |
|---|---|
| | |
| **I. ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ** | |
| **АДРЕСА** | Ул. Битолска бб,<br>7240 Демир Хисар<br>Македонија |
| **ТЕЛЕФОН** | 047 / 276161 |
| **ФАКС** | 047 / 203055 |
| **E-MAIL** | opstinademirhisar@yahoo.com |
| **Интернет страница** | www.demirhisar.gov.mk |
| **II. КРАТОК ИСТОРИЈАТ НА ОПШТИНАТА** | |
| Населбата Демир Хисар почнува да се развива некаде од средината на декември 1945 година, кога во Демир Хисар е формирана општествено - политичка административна заедница - Околиски народен одбор, прво со седиште во с. Лопатица, а од пролетта 1946 година, по извршената територијална корекција, седиштето е пренесено во село Мургашево, со седиште во стариот Слепчански ан (на местото на денешната автобуска станица).<br>Демир Хисар како урбана населба, од своето формирање постојано бележи пораст на населението. Така спрема пописот во 1961 г. населбата броела 1129 жители. Во 1981 година имало 2283, а во 1985 - 2633 жители. Тоа докажува дека луѓето од селските населби нагло ги напуштале своите домови и се населувале во Демир Хисар.<br>Денес, Демир Хисар е урбанизирана населба од градски тип која ги има сите услови на мало градче. Изградена е електрична мрежа, водовод, одводна канализација, асфалтирани улици и поврзана е со современ коловоз со соседните градови Битола, Крушево, Кичево и Прилеп.<br>Поради богатството на планините со железна руда, и областа го добива името Железник, кое се менувало во зависност од владетелите во различни периоди. Оваа област се среќава како Сидеро Кастрон, што на грчки значи Железна тврдина, а Демир Хисар е име што Турците го дале на оваа област што би значело Железна Планина. Тоа е името што и денес го носи. | |
| **III. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ПРИРОДНИ РЕСУРСИ** | |
| Географска положба | Демир Хисар, или како што во превод го нарекуваат Железна Планина, е област која се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија, или северозападно од Пелагониската низина, околу горниот слив на река Црна со нејзините притоки. Во поголемиот дел релјефот е ридско-планински, а мал дел по течението на Црна Река е низински. Посебен знак на одбележување на оваа област се планините Бигла, Илинска и Плакенска Планина, на која се наоѓа и највисокиот врв од 2000м, кои ја одделуваат Демирхисарската област од Преспанско-Охридската област.<br>Општината се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија, во близина на границата со Грција и на главниот патен правец кој ги поврзува западниот дел на Македонија со Пелагонија и источна Македонија. |

| | |
|---|---|
| Површина | 480 $km^2$ |
| Населени места | 41 населено место:<br>Бабино, Базерник, Бараково, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Граиште, Демир Хисар, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кочишта, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Растојца, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суводол, Суво Грло, Утово, Церово.<br>Сосема раселено е селото Лесково, а во 20 населени места бројот на жители е под 100 (според Пописот од 2002 година). |
| Соседни општини | Битола, Ресен, Охрид, Дебарца, Другово и Крушево. |
| Природни ресурси | |
| Земјоделско земјиште | Општина Демир Хисар располага со вкупна аграрна површина од 42.673 ha:<br>- земјоделска површина 7.978 ha, или 18,70%,<br>- шуми 24.462 ha, или 57,32%,<br>- пасишта 10.233 ha или 23,98%. |
| Реки | Црна река (со просечен годишен проток од 15 $m^3/s$) и нејзините притоки: Жаба, Стара река, Боишка и Журешница.<br>Подземните води се појавуваат во мошне издашните терени (алувиум) покрај речните текови во рамничарскиот простор. Досега не се испитувани и не постои јасна слика за нивните карактеристики. |
| Планини | Бигла, Илинска и Плакенска Планина |
| Вегетација | Растителниот свет, посебно шумската вегетација во општината Демир Хисар завзема големи површини и се одликува со релативна сочуваност. Природните услови и карактеристики условуваат појава на два вегетациски појаса, дабов и буков. Во дабовиот регион се среќаваат неколку типа на шуми, белгаброво-благунова шума, плоскачева шума и горунова шума. Најголеми простори зазема плоскачевата шума и горуновата шума, која се искачува до најголема височина од 1.200 м. Буковиот појас се надоврзува на дабовиот (над 1200 м надморска висина) и претставен е со типовите на подгорска и горска букова шума, а само на многу мали површини се јавува субалпска букова шума (на највисоките предели на планината Бигла). Очуваните шуми завземаат 75,40% од вкупните површини под шуми, деградираните 10,00% и шикарите 14,60%, додека високостеблестите во површина учествуваат со 12,70%. Возрасната структура на шумскиот фонд е релативно добра. Дрвната маса на шумите со возраст од 20-30 години учествува со 33,60%.<br>По планинските била застапени се планинските пасишта, а во северните и источните предели на општината претежно ридските пасишта. |
| Фауна | На подрачјето на општината се застапени најразлични облици на животни форми со бројни видови на дивеч. Најзастапени од перјастиот дивеч се: еребица камењарка, полска еребица, диви гулаби, грлица и гугутка, а од грабливите птици присутни се соколот и орелот.<br>Влакнестиот дивеч е застапен во повисокиот-дабов појас и тоа: лисица, зајак, волк, срна, верверица, дива свиња, куна, јазовец и др. Куната белка процентуално е позастапена од куната златка и е многу штетна посебно како уништувач на острелниот дивеч.<br>Рибарството е застапено по текот на Црна река. Меѓу најзастапените видови на риба се кленот, мрената, црвеноперката, а поретко крапот и пастрмката. Покрај речниот риболов како потенцијал за развој на стопанскиот риболов можат да се користат постоечките акумулации како и посебните рибници. |

| | |
|---|---|
| Метални минерални суровини | Железната руда се ископува во рудникот Сопотница на површина од 2,.20 km$^2$, со утврдени резерви од 10.000.000 t и претставува средно голем рудник. Додека работел, годишната експлоатација на ровна руда изнесувала 600.000 t. Рудникот е со површински коп и бил во состав на Рудници и Железарница-Скопје, но не работи околу 16 години. |
| Неметални минерални суровини | Според досегашните истражувања, Општина Демир Хисар не располага со значајни количества на минерални суровини. Постојат минерални ресурси кои воглавно се надвор од синорот на општината. Експлоатација постои единствено на наоѓалишта на калциум-карбонат (варовник). Количината на ископан варовник изнесува 474 t/ден и е константна во изминатите 5 години.<br>Глината од наоѓалиштата се користи за грнчарско производство, а се користи од населението на соседните општини од Кичевска страна. Во село Базерник има утврдени резерви од 300.000 t каолински глини.<br>Има ископување на мермери, меѓу кои најзастапени се травертинот и каолинот. Утврдени резерви на мермери од 500.000,00 м$^3$ се во село Радово. За ископување на мермерите дадена е концесија, но се уште не се врши експлоатација на истите. |
| Термални и термоминерални води | Геотермални извори во Општина Демир Хисар нема, меѓутоа минерални извори има во селата Смилево, Прибилци и Мренога. |
| **IV. ДЕМОГРАФИЈА** | |
| Население | 9497 жители; 4850 мажи и 4647 жени;<br>речиси 97% од населението се македонци<br>269 – високо образование; 404 – средно образование<br>887 – основно образование; 7551 – не посетува училиште |

| Структура на вработеност и невработеност | | | |
|---|---|---|---|
| работна сила | вработени | невработени | стапка на невработеност |
| 4659 | 1547 | 2028<br>(911 жени) | 43,53 % |

**V. ЕКОНОМИЈА**

Земјоделство

Земјоделието на подрачјето на општината според природните услови има инзвонредна перспектива, според остварените резултати има големо економско значење. Вкупната земјоделска површина во Општината изнесува 18.211ha од кои 43,80% се обработлива површина, а 56,20% пасишта. Во обработливите површини од 7.978ha, ораниците и бавчите учествуваат со 72,21%, овоштарниците со 3,26% и ливадите со 22,90%.

Зрнести земјоделски култури се засадени на 2846ha (со годишен принос од 11218t), градинарски култури се одгледуваат на 345ha (нивниот годишен принос е 9284t), додека на територијата на општината има 139.050 засадени стебла овошни насади кои имаат годишен род од 1576t.

Производствени капацитети:

- „Златец“ – с.Сопотница. Капацитет 10000 несилки.
- „Марго“ – с.Кутретино. Капацитет 4000 несилки.
- Краварска фарма с. Сопотница. 70 грла.
- „СимСтеф“ – с.Стругово. Основна дејност-производство и преработка на печурки-буковка.
- “Живинарска фарма „АД Белче“ (во стечај). Капацитет 108.000 несилки.

Преработувачки капацитети

- „Ксенос“. Основна дејност: откуп-преработка на шумски плодови.Располага со деловен простор од 800m$^2$, магацински простор од 150m$^2$ и двор од 60m$^2$. Вкупен број на вработени се 4. Во екот на сезоната на бербата на шумските плодови, сезонски се вработуваат до 30 вработени.
- Млин за брашно „Жито брест’ во с.Единаковци со капацитет од 1.300kg/h. Располага со деловен простор од 800m$^2$, магацински простор од 370m$^2$ и двор од 3.430m$^2$. Вкупен број на вработени се 16.

Сточарство

Развојот на сточарството се базира на расположивите природни тревни површини, локацијата и бонитетот на пасиштата, можностите за производство на фуражни култури, другите компаративни предности на подрачјето, програмите и други активности на производствените капацитети (краварска, живинарски фарми и козарството). Голем број на семејства одгледуваат одреден број на добиток и живина. Основни предуслови за развој на сточарството покрај располагањето со работна сила во населените места е и постоењето на обработливи површини и постоењето на големите површини на пасишта.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Говеда | 1.472 | Кози | 718 |
| Свињи | 2.158 | Живина | 16.560 |
| Овци | 4.069 | | |

Прехрамбено - преработувачка индустрија

Досегашниот развој на прехрамбената индустрија на подрачјето на општината се базираше на земјоделското производство како суровинска база за преработувачките капацитети од прехрамбената индустрија. Од овие капацитети на територијата на општина Демир Хисар егзистираат фирмите:

- „Ксенос“ со 4 вработени во постојан работен однос, а континуирано користи и сезонски работници. Основна дејност на друштвото е откуп - преработка на шумски плодови и преработка на вишни. Располага со деловен простор од 800 $м^2$, магацински простор од 150 $м^2$ и двор од 60 $м^2$.
- „Евтинија“ со 13 вработени во постојан работен однос. Основна дејност на друштвото е трговија и производство. Произведува кафе, какао, бибер и сл. Располага со деловен простор од 1000 $м^2$, магацински простор од 100 $м^2$ и двор од 1000 $м^2$. Суровините ги обезбедува од Грција.
- „Младост“ со 18 вработени во постојан работен однос. Основна дејност на друштвото е угостителство, производство на леб и трговија. Годишното производство е 250.000 лебови, а искористеноста на капацитетот е 25%. Мотелот “Младост” кој е во состав на ДОО “Младост”-Демир Хисар, располага со деловен простор од 350 $м^2$, летна бавча од 120 $м^2$ и сопствено паркиралиште од 1000 $м^2$. Мотелот има сместувачки капацитет од 38 легла, но истиот работи повремено (по потреба).

Текстилно конфекциска индустрија

- „Монт“ - Скопје со погон во Демир Хисар и 60 вработени во постојан работен однос. Основна дејност е лон работа на конфекциски производи за странските пазари (женски сакоа и палта). Располага со деловен простор од 2614 $м^2$ и двор од 2907 $м^2$. Фабриката се соочува со недостиг на работна рака.
- „Златекс“ со погон во с.Сопотница и 50 вработени во постојан работен однос. Основна дејност е лон работа на конфекциски производи за странските пазари. Располага со деловен простор од 336 $м^2$.
- „ГФ ДЕНИМ“ со погон во с.Слепче и 50 вработени во постојан работен однос. Основна дејност е лон работа на конфекциски производи за странските пазари. Располага со деловен простор од 605 $м^2$.

Метало преработувачка индустрија

- АД „Пружини и текстил“ дејноста ја обавува со 80 вработени во постојан работен однос во три смени. Располага со деловен и магацински простор од 4715 $м^2$ и двор од 20 000 $м^2$. Искористеноста на капацитетот е 100%. Суровините за производство ги обезбедува од Германија. Произведува пружини и текстилни каиши за автомобилската индустрија.
- АД „Железник“ дејноста ја обавува со 85 вработени во постојан работен однос во три смени. Располага со деловен и магацински простор од 1300 $м^2$ и двор од 11 000 $м^2$. Искористеноста на капацитетот е 40%. Суровините за производство ги обезбедува од домашен пазар. Произведува челични сачми и челични одливци.

Дрвопреработувачка индустрија

- ЗД „Амбиент“ - с. Суводол, релативно млад стопански субјект на територијата на општина Демир Хисар. Основна дејност на друштвото претставува производство на мебел за домаќинствата и угостителските капацитети. Дејноста ја обавуваат 13 вработени од кои 6 се инвалидизирани лица. Друштвото располага со погон за производство со површина од 450 $м^2$ и неопходната опрема за обавување на својата дејност.

Трговија, Транспорт и Услужни Дејности

| | |
|---|---|
| - АД "Мак петрол" Скопје – бензиска пумпа Демир Хисар.<br>- „МА-ИТ" – бензиска пумпа Демир Хисар.<br>- „Југотрговија" со основна дејност трговија на големо и мало со градежни материјали.<br>- „Ангромаркетинг" со основна дејност трговија. Вработува 12 работници.<br>- „НИ-ОЛ трејд" со основна дејност услуги во градежништвото. Вработува 12 работници. | |
| **VI. БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ** | |
| Банки и други финансиски институции | На подрачјето на општина Демир Хисар свои експозитури имаат „Стопанска банка"-АД Битола и „Стопанска банка"-АД Скопје, кои покрај денарското и девизното работење вршат и услуги во платниот промет. |
| Урбанизам | Просторен план на општина Демир Хисар е изработен е во 1984 година и опфаќа површина од 44 299ha. Генерален урбанистички план за Сопотница е донесен во 1998 година и опфаќа површина од 81,48ha, а за урбан блок МАИТ с.Слепче е донесен во 2003 година и опфаќа површина од 2,37ha.<br><br>Детален урбанистички план за Демир Хисар е донесен 1971 година и опфаќа површина од 155ha. Неговото последо дополнување и измена е направено 2004г.<br><br>Урбанистичка документација за населени места донесена е за Кутретино и Суводол во 1999г. и опфат од 85,32ha, за Обедник во 2000г. и опфат од 22,003ha, за Слепче во 2000г. и опфат од 35,34ha, за Слоештица во 2000г. и опфат од 22,57ha и за Жван во 2002 г. и опфат од 27,47ha.<br><br>За останатите населени места во општината донесена е Одлука за начин за изградба за населени места кои немаат урбанистичка документација. |
| Индустриска зона | На територијата на општината е планирана индустриска зона која опфаќа површина од 25,61ha (ДУП е донесен 1994г., а изменет 2004г.). Таа се наоѓа на Регионалниот пат Р-416 кој ги поврзува Кичево и Битола (КО Стругово), на оддалеченост од 1 км. од централното градско подрачје.<br><br>Земјиштето е во државна и сопственост на физички лица и се наоѓа во фаза на уредување. Предвидени се 56 парцели за локации за стоваришта, како и за сервисна и лесна индустрија. Во рамките на зоната постои комплетна дистрибутивна мрежа која вклучува: водовод и канализација, електрична енергија, телефонска мрежа. |
| **VII. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА** | |
| Организациона структура | Со одлука на Советот на општината, администрацијата во локалната самоуправа на општина Демир Хисар е организирана во 5 одделенија:<br>- Одделение за правни и општи работи;<br>- Одделение за финансиски работи и Буџет;<br>- Одделение за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности;<br>- Одделение за локален економски развој и општествени дејности, и<br>- Одделение – инспекторат.<br><br>Составен дел од администрацијата претставува и единицата за противпожарна заштита - Демир Хисар. |
| Јавни претпријатија во општината | Јавно комунално претпријатие „Комуналец" **е** основано 1966 година и со ангажирање на 35 вработени, ги обавува следните главни дејности:<br>- Производство и дистрибуција на вода;<br>- Одведување на отпадните води;<br>- Изнесување и депонирање на отпадот;<br>- Проектирање;<br>- Уредување на градежно земјиште и<br>- Погребални услуги |
| **VIII. ЗДРАВСТВО** | |

Во населеното место Демир Хисар постои ЈЗУ „Здравствен дом“ со површина од 1.920 $m^2$. Објектот е реновиран во 1997 година и во него има вработено 49 лица од кои 6 доктори, 2 биохемичари, 1 висок лаборантски аналитичар, 20 медицински сестри, 1 ренген техничар, 1 лаборантски техничари, 1 фармацевтски техничар, 8 административни работници и 9 помошен персонал. ЈЗУ пружа медицинска услуга во следните области:

- Итна медицинска помош и домашно лекување;
- Здравствена заштита на децата;
- Рентген дијагностика;
- Лабораториска дејност;
- Поливалентна патронажа;
- Специјалистичко-консултативна здравствена дејност за интернистички болестич
- Дерматовенерологија и
- Детска стоматологија.

Во населените места Жван, Сопотница и Смилево постојат амбуланти (сите реновирани во периодот 1998-2002) кои се во состав на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар.

Покрај во ЈЗУ, граѓаните медицински услуги добиваат и од следниве приватни здравствени установи кои се во најголем број просторно сместени во просториите на ЈЗУ:

- 6 ординации по општа медицина со 3 лекари специјалисти, 3 лекари од општа пракса и 8 медицински сестри;
- 1 ординација за гинекологија и акушерство со 1 лекар специјалист и 1 медицинска сестра;
- 3 стоматолошки ординации со 5 лекари-стоматолози и 5 медицински сестри;
- 2 специјалистички ординации по ортодонција со 2 стоматолози специјалисти по ортодонција и 2 медицински сестри;
- 1 ординација за стоматолошка протетика со 2 стоматолози специјалисти по протетика и 2 медицински сестри;
- 1 заботехничка лабораторија со 2 стоматолошки техничарии и
- 3 апотеки со 3 фармацевти и  и 3 фармацевтски техничари.

**IX. КУЛТУРА НА ЖИВЕЕЊЕ**

Домот на културата „Илинден” Демир Хисар е културна институција во општината која дава значаен придонес во збогатувањето на културно-забавниот живот на граѓаните преку ликовни изложби, концерти, промоции на книги и работата на драмската секција. Во составот на домот работи библиотека со преку 39.000 наслови на книги, литературениот клуб „Изгрев” и КУД“Илинден”.

Туризмот досега беше доста малку застапен, но имајќи го предвид историското значење на неколку локалитети општината има добри услови за развој на туризмот. Во село Смилево постои и функционира Меморијален музеј - “Смилевски Конгрес”. Дополнително на тоа, како природна реткост се евидентирани пештерите над село Сопотница, а карактеристично постоењето и работата на природни валавници во селата Вирово и Слоештица, како тарадиционален начин на валање, бојадисување и перење на волнени предмети. Евидентирани археолошки локалитети се: “Граишка Чука” над село Граиште, локалитети во селата Обедник, Жван, Зашле, над с. Сопотница и  Железнец.

Во општината годишно се издаваат 200 ловни дозволи, најчесто се ловат од корисен дивеч дивата свиња и зајакот, додека од штетниот се ловат лисици и куни. Бројот на уловен корисен дивеч е 18-25 диви свињи и 50-60 зајаци, додека од штетниот дивеч се ловат 18-24 лисици и 14-16 куни. Места за спортски риболов се реката Црна од нејзините извори до селото Света и малите акумулации Струговo и Суводол 1 и Суводол 2. Годишно се издаваат помеѓу 40 и 50 дозволи за риболов, а количината на уловена риба не надминува 300 кг. Најчесто ловени видови на риба се : речна пастрмка, клен, скобал, карас, крап, мрена и кркуша.

**X. НЕВЛАДИН СЕКТОР**

На подрачјето на општина Демир Хисар постојан и активно работаат следните невладини организации:

- НГА ,,ИЛИ-НИК,,  с.Големо Илино,
- ЦПЛИП-,,Порака,,  Демир Хисар,
- ГА,,Меридијан,,  Демир Хисар,
- Еколошко друштво ,,Бигла,,  Демир Хисар,
- Ловно друштво ,,Елен,,  Демир Хисар,
- Риболовно друштво ,,Пастрмка,,  Демир Хисар,
- Друштво за наука и култура ,,Васирион,,  Демир Хисар и др.

# 2.
# Процес на стратегиско планирање на локалниот економски развој

**Што е ЛЕР?**

Локалниот економски развој е процес во кој партнерите од јавниот, стопанскиот и невладиниот сектор работат заедно да создадат подобри услови за економски раст и нови вработувања во локалните заедници.

Локалниот економски развој (ЛЕР) нуди можност на локалната самоуправа, на приватниот и на непрофитните сектори, како и на локалните заедници, да работат заедно за подобрување на локалната економија преку зголемување на конкурентноста и фокусирање на одржливиот развој. ЛЕР опфаќа низа од дисциплини вклучувајќи физичко планирање, економија и маркетинг. Во ЛЕР исто така се вклучуваат многу локални самоуправи и функциите на приватниот сектор, вклучувајќи уредување на животната средина, развој на стопански дејности, обезбедување на инфраструктура, развој на пазар на недвижности и финансии.

Целта на локалниот економски развој (ЛЕР) е да создаде подобри услови за економски развој и да поддржи изградба на економски капацитет на локално ниво за да се подобри економската состојба и животниот стандард на сите жители. Тоа се постигнува преку следниве активности:

- Поддршка за создавањето на нови извори на приход за населението и проширување на економската основа во општината;
- Креирање и одржување на стабилна и поддржувачка деловна средина за раст и развој на компаниите (посебно имајќи предвид дека локалните компании ќе останат да работат дома);
- Генерирање на вработувањето преку стимулации за основање на нови и раст на постоечките деловни субјекти;
- Зголемување на атрактивноста на локалитетот во однос на надворешни потенцијални инвеститори;
- Поддршка на развојот на МСП и нивната конкурентност преку:
  - развојни бизнис услуги;
  - маркетинг и промоција на локалитетот;
  - подобрен пристап до финансиски средства;
  - развој на соодветна инфраструктура.

**Стратегиско планирање на ЛЕР во општина Демир Хисар**

Процесот на планирање на локалниот економски развој во општина Демир Хисар започна со назначување на координатор на процесот кој ги презеде активностите за организирање на поединечните активности и управување со целиот процес. Искуствата покажуваат дека најдобар начин за реализација на систематски активности за поддршка на локалниот економски развој и создавање на услови за забрзан економски развој на локалните економии е подготовката на еден Стратегиски план. Таков Стратегиски план за локален економски развој е почетна компонента на процесот на планирање и тој е комплетен кога потекнува и опфаќа поширок дел од заедницата.

Процесот на поддршка на локалниот економски развој во општина Демир Хисар се реализра во следниве чекори:

- Организирање на процесот;
- Изработка на сеопфатна анализа на моменталните состојби од аспект на економски развој;
- Подготовка на Стратегија за локален економски развој;
- Спроведување на Стратегијата и следење на нејзиното спроведување
- Проверка на резултатите од спроведувањето на Стратегијата и нејзина надградба.

Во делот на организирање на процесот беше формиран општински тим составен од претставници на локалната администрација, како и претставници на приватниот и невладиниот сектор. Дел од тимот беше во можност да се стекне со дополнителни знаења во областа на локалниот економски развој и неговите поединечни елементи преку работилници кои беа организирани во рамки на поддршката од страна на УСАИД. Како почетна активност во рамките на процесот, беше подготвен Профил на општината кој даде јасна слика за тоа каква е состојбата на економијата во општината и кои се рамковните услови за нејзин развој.

Следните чекори беа организација и реализација на две планирачки работилници на кои членовите на општинскиот тим работеа на содржината на Стратегискиот план. Најпрво, Профилот беше искористен за анализа на состојбите преку анализа на силните и слабите страни, како и согледување на можностите и заканите за локалниот економски развој во општината. На основа на изработената анализа на состојбите, беа дефинирани стратегиски области на економскиот развој заедно со целите на развојот и поединечните активности (проекти) кои ќе водат кон постигнување на целите.

По подготовката на стратегискиот план, беше одржана Јавна расправа на содржината на стратегискиот план на која сите граѓани на општината и други заинтересирани страни имаа можност да дадат свои коментари и предлози за подобрување на подготвениот план.

# 3.

## Стратегиски план за локален економски развој на општина Демир Хисар

### SWOT анализа на моменталната состојба со локалниот економски развој

Како основа за поставување на приоритетите за економски развој во идниот временски период и дефинирање на Визија на општина Демир Хисар беше потребно да се изврши стратегиска анализа и дијагностицирање на состојбата. Тоа беше направено врз основа на податоците обезбедени во Профилот на општината, земајќи ги истовремено предвид нејзините внатрешни карактеристики заедно со влијанијата кои произлегуваат од опкружувањето. Анализата на јаки и слаби страни, можности и закани (SWOT-анализата) како основна алатка на Општинскиот тим за ЛЕР во процесот на стратегиска анализа на постоечката економска ситуација, овозможи дефинирање на појдовни основи за клучните влијанија на внатрешната состојба и надворешното опкружување врз сегашната и идната (посакувана) состојба на локалната заедница.

Појдовна основа за SWOT анализата беа таканаречените „тврди“ и „меки“ фактори на стопанската структура на општината кои спаѓаат во групата на интерни фактори. Во групата директни, односно тврди фактори на стопанската структура беа анализирани пазарот на работна сила, сообраќајните врски, природните ресурси и карактеристиките на земјиштето итн. Во групата на посредни, односно меки фактори на стопанската локација беа земени предвид факторите кои се однесуваат на задоволување на индивидуалните потреби на граѓаните, и фактори кои се однесуваат на задоволување на специфичните потреби на претпријатијата односно деловниот амбиент и имиџот на микро локацијата (општината) и на национално ниво.

За да се премости јазот меѓу посакуваната и постојната состојба во општината, тимот за ЛЕР обрна посебно внимание на факторите од интерен карактер на кои општината Демир Хисар може да делува (јаките и слабите страни), но не ги занемари екстерните фактори (можностите и опасностите на опкружувањето) на кои таа не може да делува. Со проектите предвидени со овој Стратегиски план ќе биде направен напор за искористување на можностите како основа, односно амортизација на заканите како пречка за развојот. Резултатите од SWOT – анализата на општината Демир Хисар заедно со дополнителните објаснувања за нивниот избор во контекст на локалниот економски развој се прикажани во следниов матричен формат.

| Силни страни | |
|---|---|
| Географска позиција и постоечка инфраструктура | Општината се наоѓа во близина на границата со Република Грција и на главниот патен правец кој ги поврзува западниот дел на Македонија со Пелагонија и источна Македонија. Во општината постои опфатна изградена инфраструктура (регионална и локална патна; железничка; електрична и комуникациска). |
| Богати природни ресурси | Општината Демир Хисар располага со голема шумска површина која изобилува со растителен и животиснки свет, разновидни шумски плодови, одреден број на |

| | |
|---|---|
| | реки и извори на слатки (и минерални) води, значајно обработливо земјиште и пасишта, како и наоѓалишта на неметали и минерали. Животната средина во општина Демир Хисар е исклучително чиста со минорно присуство на загадувачи. |
| Природни услови за развој на земјоделието | Во општината постојат големи површини на квалитетно земјоделско земјиште од I до II класа и богати искуства во земјоделието. Климатските услови, односно надворешната температура, количината и распореденоста на врнежите, заедно со почвените фактори се силна страна која дава добра основа за развој на заемјоделието. |
| Богато и сеопфатно културно-историско и етно наследство | Демир Хисар е едно од местата кое имаат специјално место во одбележувањето на борбата на Македонскиот народ за осамостојување. Во Смилево е лоциран вториот објект по значење од Илинденското востание – Меморијалниот музеј „Смилевски конгрес“ каде е донесена одлуката за почеток на Илинденското востание. Обележјата од илинденскиот период заедно со спомен обележјата од периодот на НОБ укажуваат на вековните борби на македонскиот човек за одржување на својот интегритет и самобитност и се од посебен придонес како за културната историја на народот кој живее на оваа територија, така и за идниот развој на општината од аспект на туризмот.На подрачјето на општината постојат вкупно 62 цркви и манастири од кои по својата старост, сочуваност, начин на градба, живопис и местоположба се издвојуваат 7 објекти кои се заштитени со Законот како трајни белези за Македонскиот народ и едно време. Библиотеката во Бабино е објект кој има исклучително богат книжен фонд и привлекува голем број на поединци и групи. |
| Долгогодишно постоење на општина Демир Хисар како единица на локалната самоуправа | Во општината се присутни сите институции на централната власт, како резултат на постоењето на општината во период од повеќе од 60 години, а во неа работаат и 2 банкарски институции од Македонја. Општината е речиси целосна покриена со урбанистички планови и сопственик е на голем број на објекти чија активација за поддршка на локалниот економски развој е можна.<br>Покрај овие фактори, пазарната цена на земјиштето е сеуште атрактивна за инвеститорите споредено со блиските центри како Битола или Прилеп. |

| Слаби страни | |
|---|---|
| Неповолни состојби со локални човекови ресурси | Во општината е пристуна висока стапка на долгорочна невработеност, пришто најголемиот дел од невработените се со ниски квалификации. Иако постои голема расположива работна сила, неповолниот степен на образование на населението и неговата квалификациона структура не овозможуваат намалување на невработеноста и активно ангажирање на пазарот на труд. Истовремено, кај најголемиот дел од населението не постојат познавања и/или едукација за претприемништвото и желба за отварање на сопствен бизнис. Старите занаети се во изумирање и тешко би можеле да се активираат со вклучување на младите. |
| Недоволно модернизиран пристап во работењето на локалните пороизводствени и земјоделски компании | Кај производителите на храна постои недостаток на одредени типови на земјоделска механизација, постоечката механизација која е во употреба е застарена. Истовремено, процесите на производство на храна не се на потребното техничко ниво како би можеле да конкурираат на надворешните пазари. Постоечките производни капацитети имаат недоволна искористеност како резултат на застарената технологија, фокусирањето на работната сила во процесот на производство и невоведувањето на модерни управувачки техники и методи. |
| Несоодветен одговор на локална администрација на барањата во дел од децентрализираните надлежности | И покрај тоа што последните години претставници на општината учествуваат на голем број на обуки сеуште се присутни области во кои општинската администрација би можела да има многу подобри знаења и вештини. Присутна е недоволна обученост на вработените во комуналната сфера и недостаток на комунална опрема што резултира со нецелосна покриеност на населените места со организирано собирање на сметот и непостоење на соодветна депонија за |

| | |
|---|---|
| | цврст отпад. Населените места не се покриени целосно со превоз во патниот сообраќај, а на постоечките локации евидентен е недостатокот на урбана опрема. Иако Демир Хисар е општина која со својата големина и структура припаѓа во урбаните општини поларизацијата во политички ставови на локлано ниво доста често се јавува како кочница на економскиот развој. |
| Незадоволитени урбанистички, санитарни и инфраструктурни услови за брз економски развој | Хидромелиоративната мрежа како основа за динамичен развој на земјоделието не се употребува заради слабото одржување и нејзината нецелосна изграденост. Комуналната инфраструктура во општината не е на потребното ниво ниту од аспект на квантитет, ниту од аспект на квалитет. Населените места во општина Демир Хисар се многу малку покриени со канализациска инфраструктура, делумно се покриени со асфалтирана локална патна мрежа и во нив  со во употреба застарени и нецелосни системи за снабдување со вода за пиење и наводнување. Урбанистичка документација како основа за економскиот развој на општината, не е ревидирана, а за градот Демир Хисар неможе да биде комплетирана заради непостоењето на ГУП. |
| Непостоење на институционална инфраструктура за поддршка на бизнисот | Врските помеѓу јавниот и приватниот сектор во општината се недоволно развиени како резултат на организациската поставеност на општинската администрација. Истовремено, во склоп на општината не постои Граѓански информативен и/или сервисен центар, а на територијата на општината не се нудат нотарски, адвокатски и услуги за поддршка на деловниот сектор. Општината нема системска политика за привлекување на инвестициски капитал и нема мерки за поддршка на бизнисот. |

| Можности | |
|---|---|
| Искористување на природните услови за економски развој | Создавање на услови за искористување на водното, шумското и рудното богатство, односно поддршката на развојот на земјоделство и сточарството ќе овозможи побрз економски развој. Искористување на постоечките општински материјални ресурси во насока на поддршка на корисниците на водите и реките: хидроцентрали, рибници, акумулации; шумското богатство и лов; минералните богатства ќе придонесе за интензивирање на локалната економија. Локалната самоуправа планира дел од концесите кои ќе бидат собрани за искористувањето на природните богатства на територијата на општината да бидат искористени во развојни цели. Истовремено, насочувањето на приватниот сектор кон проекти и производни капацитети кои имаат поголема додадена вредност (капацитети за финална обработка на дрво, капацитети за вода за пиење, алтернативни извори на енергија, итн,) наспроти користење на ресурсите само како како основни материјали ќе овозможи забрзување на развојот. |
| Развој на руралниот и културниот облик на туризам | Развој на руралниот (планински, селски, ловен и манастирски) односно културниот туризам ќе ја промовираат конкурентноста на Демир Хисар како домашна и меѓународна туристичка дестинација преку воспоставување на соодветни капацитети во рамките на општината и создавање на услови кои ќе и овозможат на приватната иницијатива потикнување на развојот на туризмот, притоа истовремено заштитувајќи го природното и културно-историското наследство. |
| Искористување на можностите кои произлегуваат од меѓуопштинската и меѓународната соработка | Со добивањето на кандидатскиот статус, европските фондови за поддршка на развојот (во оваа фаза ИПА фондовите, а во следните фази на развојот и Европските структурни фондови) станаа достапни за субјектите од Република Македонија. Во тој контекс најмногу можности за развој нуди програмата за прекугранична соработка со општините од Република Грција и Република Албанија како земји соседи на Пелагонискиот регион (регион на кој припаѓа и општина Демир Хисар). Воедно, Националната стратегија за регионален развој и Програмата за развој на Пелагонискиот регион (подготвени во склад со Законот за рамномерен регионален развој) ќе овозможат динамизиран развој на општината преку реализација на средствата од државниот Буџет за регионални развојни проекти, како и проекти за развој на селата, односно развој на областите со специфични развојни потреби. Во тој однос, регионално умрежување и целосна поддршка од Регионалната Развојна Агенција на Пелагонија – ПРЕДА нудат |

| | |
|---|---|
| | големи можности за динамизирање на развојот и фаќање приклучок кон развојот на соседните општини/земји. Посебна предност и можност е тоа што Демир Хисар се наоѓа во близина на границата со Република Грција и компаниите од Република Грција се меѓу најзначајните инвеститори во општината. |
| Поддршка за брз економски развој од страна на локалната самоуправа | Локалната економија може многу да профитира од искористувањето на постоечки општиниски објекти за поддршка на бизнисот, лобирањето и промоцијата на општината на национален и меѓународен план и пред се од максималното искористување на надлежностите за креирање на локална политика и ЛЕР канцеларии. Збратимувањето со други општини и привлекување на интересот на иселениците отвара развојни можности што ќе бидат искористени преку зголемениот интерес на банкарскиот сектор и проширување на услугите на постојните деловни банки во Демир Хисар. Актуелниот процес на окрупнување на земјоделското земјиште под управување на Министерството за земјоделство е одлична можност за решавање на проблемот со уситнетоста на земјоделското земјиште. |
| Активирање, надградба и изградба на инфраструктура како елемент на развојот на општината | Подобрувањето на комуналната инфраструктура и услуги ќе ја направат општината попривлечна за инвестирање. Активирањето на постоечката индустриска зона ќе овозможи подобри услови на развој на МСП, нови инвестиции во општината и нови вработувања. Близината до идниот транспотен коридор кој предвидува железничко, енергетско, комуникациско и друмско поврзување на општината со непосредната и подалечна економска околина (Пелагонија со Грција на југ и останатиот дел од Македонија на север), ќе биде искористен како стимул за развојот. Изградба на хидромелиоративната мрежа и поддршка на водните заедници во процесот на нивно организирање ќе води кон зајакнување на земјоделското прозиводство и зголемена конкурентност на производителите на храна. |

| Закани | |
|---|---|
| Водостопанска основа на РМ (ХС „Бучин“) | Постојната водостопанска основа на Република Македонија предвидува изградба на акумулација (ХС „Бучин“) која би ги потопила населените места Граиште, Бараково, Сладуево и дел од градот Демир Хисар. Со тоа, еден голем дел од урбанизираното земјиште и голема земјоделска површина би биле потошпени и онеспособени за развојни цели. Истовремено, ГУП-от на Демир Хисар не е донесен бидејќи општината се спротивставува на ова решение во Водостопанската основа и се надева на негова измена. |
| Демографски движења | Општината Демир Хисар е општина со релативно ниска густина на населеност (19.77 жители на $km^2$) и релативно низок прираст на населението. Општината се соочува со одлив на кадри во поголемите центри и целосно негативни демографски трендови, при што посебно загрижува исселувањето на младото население. Миграционите движења резултираа со огромно намалување на населението во повеќето села (останати се претежно стари лица). Тоа предизвика напуштање на големи површини обработливо земјиште, пасишта, ливади и шуми кои, како економски потенцијал, останаа неискористени. Воедно, Демир Хисар и Пелагонискиот регион се традиционално емигрантски области и населението кое заминува на печалба во странство се зголемува. |
| Гео-стратегиски случувања во блиската и подалечна околина | Пролонгирањето на Македонската евро-атланска интеграција како последица на спорот со Република Грција за името може да има сериозни последици на економскиот развој на општината. Најпрво, присуството на Грчките инвеститори и туристи кои во изминатиот период беа еден од изворите на приход на локалното население  се намалува и може целосно да замре. Понатаму, растечкиот интерес на меѓународните пазари за инвестирање во Македонија може значително да се намали доколку интеграцијата на Македонија биде сериозно забавена. Истовремено, случувањата на север од земјата и односите помеѓу Србија и Косово, поставуваат потенцијални пречи на транспортот на стоки према европските земји. |

| | |
|---|---|
| Рамковни услови за економски развој во земјата | Монополска позиција на власта во одредени сегменти (дозволи) и контролата над државното земјиште од страна централната власт во голема мерка ја ограничуваат реализацијата на локалниот потенцијал. Од друга страна, начинот на кој се спроведува процесот на децентрализација резултира со недостиг на средства за финансирање на локалниот развој на општината. Соработката со државните административни органи не оди секогаш со посакуваната динамика (недовршен процес на денационализација, нелојална конкуренција итн.). Наедно, локалниот економски развој е и област на растечка конкуренција помеѓу општините за привлекување на странски инвестиции. Иако политиката за развој на недоволно развиените подрачја преку поддршка на рамномерниот економски развој е една од можностите за поттикнување на економскиот развој, нејзиното неправилно спроведување може да биде и закана. Исто така и нецелосното спроведување на законскта регулатива во различни области е закана која резултира со различни проблеми и потешкотии за локалниот економски развој (постоење на диви депонии, зрачење од застарените громобрански инстаталации на живинарската фарма итн.) |

## Главни заклучоци од економската анализа на состојбата

Стратегиската анализа на економските и конкурентните состојби на општината дозволува извлекување на следниве заклучоци:

- Земјоделското производство и природни ресурси се главни оски на кои треба да се гради економскиот развој на микро регионот.
- Добрата географска локација и развиената инфраструктура заедно со традицијата и богатото историско и културно наследство се основа за изработка на квалитетна туристичка понуда која би водела кон креирање на нови работни места, зголемување на приходите и подобрување на животниот стандард на локалното население.
- Независно од вертикалната секторска припадност, економскиот развој во општината истовремено мора да се потпира на семејните бизниси и малите и средни претпријатија. Заради тоа потребно ќе биде спроведување на низа конкретни мерки за поддршка (финансиски и нефинансиски) кои ќе ја имаат оваа деловна група за своја цел.

Идниот економски развој на општината ќе се потпира на искористување на природните богатства, заедно со активирањето, надградбата и изградбата на инфраструктура како елемент на развојот на општината. Инструментите за поддршка на економскиот развој (национални и меѓународни) ќе бидат искористени во насока на поддршка на одржливиот економски развој, како и во насока на поддршка на здружувањето на деловните субјекти од сродни дејности за заеднички настап.

Тоа на што посебно ќе биде потребно да се обрне внимание е подобрувањето на образовната надградба на населението и зголемувањето на употребата на модерни технологии. Општината Демир Хисар ќе треба во рамките на своите можности да се насочи кон подобрување на условите за развој на бизниси, зголемување на искористеноста на природните ресурси, и кон подобрување на на урбанистичките, санитарните и инфраструктурните услови за економски развој, но и кон подобрување на работата на јавната администрација на локално ниво.

## Визија и Стратегиски насоки на локалниот економски развој на општината

Визијата на локалниот економски развој на општина Демир Хисар е дефинирана согледувајќи ги резултатите од SWOT анализата во однос на економскиот развој истовремено земајќи ја предвид изјавата за Визија развиена во текот на планирањето на сеопфатниот развој на општината. Таа го опишува консензусот на заинтересираните страни вклучени во Општинскиот тим за ЛЕР, за посакуваната иднина на својата заедница.

> Демир Хисар - урбана општина со развиена инфраструктура и создадени услови за брз економски развој за благосостојба на нејзините граѓани

Јасно се гледа врската помеѓу политиките за економски развој (стратегиските области и цели) и зацртаната крајна цел (визијата) – општината да биде инфраструктурно развиена со создадени услови за забрзан економски развој што ќе резултира со подобар кваклитет на живеење на сите граѓани.

1. Развој на општина Демир Хисар како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

   Како што беше веќе претставено во овој документ, општина Демир Хисар има поволни, но истовремено ограничени ресурси за развој на туризмот. Како резултат на тоа, општината има потреба да са фокусира на активностите кои имаат најголем потенцијал да привлечат и поддржат посетители и развојот и промоцијата на локалитетите.

2. Поддршка на развојот на МСП и семејните бизниси во општината

   Претприемништвото, малите и средни претпријатија, а пред се семејните бизниси имаат голема потреба од поддршка во периодот на нивно настанување и развој. Тоа е посебно важно зашто тие се предвесници на динамизирањето на локалните економии, заради тоа што најбрзо растат при раст на економијата, но и најбрзо ги чувствуваат последиците на економија која се движи по надолна линија. Заради тоа, општинскиот тим за ЛЕР ја согледа оваа стратегиска област како основа за зголемување на конкурентноста на општинските мали деловни субјекти и зголемување на нивниот капацитет за постигнување и зголемување на профитабилното работење.

3. Создавање на услови за брз економски развој преку подобрување на инфраструктурата и услугите на локалната администрација

   Квалитетот на општинските услуги мора да ги прати потребите на стопанството и граѓаните, а во услови на почетен развој тој мора да биде предводник. Заради тоа, во рамките на овој стратегиски план Општинскиот тим за ЛЕР предвиде низа активности чија основна намена е да ја подобрат ефикасноста на општинските органи и квалитетот на нивните услуги. Истовремено, инфраструктурата е од најголемо значење за економскиот развој и нејзината недоволна развиеност претставува кочница за развојот. За да се избегне оваа опасност, овој документ содржи низа активности за надградба на постоечката и изградба на нова инфраструктура во функција на економскиот развој

4. Рурален развој (унапредување и зголемување на земјоделското производство)

   Оваа стратегиска цел е од големо значење за локалниот економски развој на општината како рурална област со значајни површини на обработливо земјиште и пасишта, односно постоење на голем број на води. Профилот на општината и неговата анализа овозможија согледување на постоењето на овие предуслови, кои заедно со традицијата на квалитетно производство на храна ја дефинираат оваа цел како многу значајна.

## Стратегиска област 1:
## Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам[1]

Стратегиска цел 1.1:
Да се поттикне развојот и промоцијата на туризмот и да се понуди општина Демир Хисар на посетителите преку заедничка работа на Советот на општина Демир Хисар, градоначалникот, општинската администрација, бизнис операторите и локалните заедници

Конкретна цел 1.1.1: Да се развијат цврсти партнерски односи помеѓу советот, градоначалникот, општинската администрација, бизнис операторите и локалните заедници за имплементирање на општинските стратегиски планови и планот за развој на туризмот.

Конкретна цел 1.1.2: Одделението за локален економски развој и Центарот за туристички услуги / Туристичкото биро да станат главна точка за развој и маркетинг на туризмот во општина Демир Хисар

Конкретна цел 1.1.3: Да се зголемат способностите на претприемачите и заедницата за развој на туризмот

Стратегиска цел 1.2:
Да се привлечат домашните и странските ловци и поклоници на фотосафарито во ловиштата во општина Демир Хисар преку уредување на ловиштата и обезбедување на ресурси за ловен туризам.

Конкретна цел 1.2.1: Да се поддржи зголемувањето на капацитетите на ловното друштво "Елен" за менаџирање на ловиштата

Конкретна цел 1.2.2: Да се поддржи уредувањето на ловиштата

Конкретна цел 1.2.3: Да се поттикне промоцијата на ловиштата

Конкретна цел 1.2.4: Да се поддржи јавно-приватното партнерство и приватните инвестиции во ловиштата

Стратегиска цел 1.3:
Да се привлечат посетителите на регионот да застанат, преноќат и да ги истражуваат пејсажите, манастирите, културата и традициите во општина Демир Хисар.

Конкретна цел 1.3.1: Да се зголеми бројот и квалитетот на сместувачките и угостителските капацитети

Конкретна цел 1.3.2: Да се охрабри реконструкција и уредување на манастирите и црквите и нивна промоција

Конкретна цел 1.3.3: Да се изградат туристички рути

Конкретна цел 1.3.4: Да се поддржат традицијата, занаетите и фолклорот во функција на туристизмот

Конкретна цел 1.3.5: Општина Демир Хисар популарна дестинација за дневни патувања од жителите на регионот, како и за екскурзии и образование

Конкретна цел 1.3.6: Да се поддржат постоечките културни манифестации и да се организираат нови

Конкретна цел 1.3.7: Поддршка на афирмацијата на музеи, библиотеки и галерии

Стратегиска цел 1.4:
Да се привлечат домашните и странските посетители преку понуда на низа квалитетни брендови и локални атракции придружени со екстензивни и различни програми на настани и активности

Конкретна цел 1.4.1: Претворање на целото село Бабино во туристичка дестинација преку развој на руралниот и алтернативниот туризам

Конкретна цел 1.4.2: Создавање на локални брендови

---

[1] *Оваа Стратегиска област е целосно превземена од „Акциониот план за развој на туризмот во Општина Демир Хисар за периодот 2008-2011 година" подготвен во рамките на Проектот „Предизвиците на недопрената природа" во рамките на Програма за соседство Република Грција – Република Македонија (INTERREG IIIA/CARDS) финансиран од Европската Унија, а имплементиран од општина Демир Хисар*

Клучен елемент за реализација на целите за потикнување на развојот на туризмот претставува воспоставувањето на јаки партнерски односи помеѓу Советот, Градоначалникот, општинската администрација, бизнисот и локалните заедници што всушност ја следат *првата стратегиска цел*. Фокусот треба да се стави на зголемување на капацитетите на Одделението за локален економски развој (ОЛЕР) со што ќе се обезбедат соодветни човечки ресурси за реализација на предвидените активности. Исто така, формирањето на Центар за туристички услуги или Туристичко биро (ЦТУ/ТБ) ќе овозможи да заедно со ОЛЕР да прераснат во главна точка за развој и маркетинг на туризмот. Во поглед на јакнењето на човечките капацитети, потребна е тимска работа преку формирање на одделни тимови за секој од проектите, со јасно дефинирани одговорности и систем на соодветно наградување. Постојаното ажурирање на официјалниот туристички портал „Истражете ја недопрената природа", изработката на годишни маркетинг планови како и изработката и дистрибуцијата на информативни туристички билтени, претставуваат главни активности за промоција на туризмот во општината. За промоцијата не помалку е значајна и соработката со националните туристички асоцијации и единиците за поддршка на развојот на туризмот во другите општини во државата, како и саемската промоција во земјата и во странство. Зголемувањето на способностите (вештините, капацитетите) на претприемачите и заедницата за развој на туризмот се една од активностите која што ќе овозможи свесност за економската корист од развојот на туризмот преку искористувањето на локалните потенцијали.

*Втората стратегиска цел* е целосно посветена на ловниот туризам како дел од руралниот туризам, земајќи ги предвид потенцијалите на општина Демир Хисар за овој вид на туризам. Средства за развој на ловниот туризам можат да се обезбедат од ИПА фондовите од компонентата за рурален развој. Првите чекори во овој правец треба да се насочат кон едукација на локалните ловци за можностите од развојот на ловниот туризам и користа која тие може да ја имаат од тоа. Со оглед на тоа што ловно стопанските основи за четирите ловишта се со важност до 2009 година, како и концесијата која ја поседува Ловното друштво „Елен" ја наметнува потребата фокусот да се стави врз изработката на новата ловно стопанска основа во напорите за добивање на нова концесија со цел обезбедување конкурентност пред приватните концесионери. Исто така едукацијата за менаџирање со ловиштата и програмата за намалување на криволовот се клучни за успешно стопанисување со ловиштето. Новите ловно стопански основи треба да предвидат изградба на ловно технички и ловно стопански објекти со соодветни стандарди кои ќе бидат во функција на ловниот туризам и фотосафарито. Изградбата на резервати за дивеч и населувањето на дивеч што го нема во ловиштата се неопходни чекори за нивна конкурентност. Понатаму, тоа треба да биде пропратено и со заградување на самите ловишта. Промоцијата на ловиштата и ловната понуда преку официјалниот туристички портал се активности кои што се подеднакво важни исто како и уредувањето на самите ловишта. Започнатата македонско-италијанска инвестиција во резерватот за диви животни во општина Демир Хисар има можност да биде пионер во приватните инвестиции во ловството како и најава за можни ЈПП во развојот на ловниот туризам.

*Стратегиската цел три* се фокусира врз создавање на услови за привлекување на посетителите во регионот, да застанат, да преноќат и да ја консумираат туристичката понуда на општина Демир Хисар. Зголемувањето на бројот и квалитетот на сместувачките и угостителските капацитети со фокус врз реконструкцијата на старите куќи и стандардизација на сместувачките капацитети се предуслов за зголемување на бројот на преноќувањата. Во овој поглед, треба да се охрабри реконструкцијата и уредувањето на манастирите и црквите. Креирањето на туристичките рути и создавањето на туристички производи врз основа на традицијата, занаетите и фолклорот претставуваат едноставни активности за промовирање на општината во потенцијално популарна дестинација.

Конечно, *Стратегиската цел четири* ги следи тековните напори на приватните иницијативи во креирањето на локални атракции и брендови. Еден таков веќе промовиран проект е „Бабин скут" кој предвидува претворање на целото село Бабино во туристичка дестинација преку развојот на руралниот и културниот туризам. Предлог-проектот „Демирхисарски бренд" од своја страна предвидува изработка на посебна програма за идентификување и создавање на локални брендови.

## Стратегиска област 2:
## Поддршка на развојот на МСП и семејните бизниси во општината

Стратегиска цел 2.1:
Да се зголеми капацитетот за отворање и менаџирање на МСП и семејни бизниси преку едукација на заинтересираните групи

Конкретна цел 2.1.1: Идентификација на потенцијалните области и ресурси, и градење на пазари за производите од МСП и семејните бизниси

Конкретна цел 2.1.2: Да овозмози презентација и обука на добри практики во однос на постоечките потенцијали (релевантни авторитети по области)

Конкретна цел 2.1.3: Поттикнување на заинтересираните страни за отпочнување водење на бизнис

Стратегиска цел 2.2:
Да се поддржи производство на мед, собирање и преработка на билки и шумски плодови

Конкретна цел 2.2.1: Проценка на потенцијалите и ресурсите (човечки и природни)

Конкретна цел 2.2.2: Едукација на претприемачите околу пакувањето на производот

Конкретна цел 2.2.3: Поддршка на брендирањето на производите

Малите и средни претпријатија се јадро на секоја развиена економија и нивниот број директно ја отсликува економската состојба на секоја локација или локалитет. Заради тоа, во рамите на овој Стратегиски план е одвоена посебна област на економскиот развој која ќе се обрати на овој дел од деловната популација, со дополнителен осврт на собирањето и преработката на шумските производи. Во напорот за изградба на амбиент на стабилен економски раст и намалување на невработеноста во општината (прва стратегиска цел во оваа област) фокусот ќе биде ставен на зајакнување на капацитетите на малите и средни претпријатија и семејните бизниси, промоција на локалните стопански субјекти, производи и услуги, како и директната промоција и поттикнување на заинтересираните страни за отпочнување на сопствен бизнис. Постоечката индустриска зона во општината ќе бида градежно уредена и понудена на потенцијалните домашни и странски инвеститори преку редовната комуникација за можностите на општината. Дополнително на тоа, постоечките објекти во сопственост и управување на општината се значајни ресурси и нивното искористување за поддршка на приватната иницијатива и реализација на деловни потфати може да биде од пресудно значење.

При планирањето на развојот секоја територијална единица ја има можноста да се потпре на „своите“ природни ресурси во зависност од тоа кои ресурси и во кој обем се на располагање. Општината Демир Хисар располага со голема шумска површина која покрај дрвната маса изобилува со билки и шумски плодови. Создавање на услови за искористување на шумското богатство, заедно со активностите за спречување на влијанието на неправилно управување со природните ресурси се содржината на втората Стратегиска цел во оваа област и треба, дополнително на другите мерки и активности, да го поттикнат побрзиот економски развој на општината. Управувањето со природните ресурси во склад со локалните специфики ќе овозможи спроведување на деловни потфати за реализација на потенцијалот кој стои на располагање. На постоечките планини во општината застапени се листопадни шумски површини кои завземаат големи површини и се одликуваат со релативна сочуваност. Очуваните шуми завземаат 75,40% од вкупните површини под шуми, притоа дрвната маса на шумите со возраст од 20-30 години учествува со 33,60 %. Површината под шума се наоѓа доминантно во државна сопственост и управувањето со овој потенцијал (како еден од најзначајните ресурси на општината) е лоцирано на централно ниво. Заради тоа, одржливото користење на останатото шумско богатство (билки и шумски плодови) во насока на

подобрување на економските состојби и севкупниот квалитет на живот на локалното население е главна задача во рамките на оваа стратегиска цел.

Стратегиска област 3:
Создавање на услови за брз економски развој преку подобрување на инфраструктурата и услугите на локалната администрација

Стратегиска цел 3.1:
Зголемување на ефикасноста на локалната администрација преку нејзино институционално зајакнување

Конкретна цел 3.1.1: Намалување на политичките влијанија во работата на администрацијата

Конкретна цел 3.1.2: Подобрување на организациската структура и соодветно пополнување на систематизираните работни места.

Конкретна цел 3.1.3: Овозможување на квалитетни услуги за граѓаните и бизнис секторот преку поставување на општински центар за услуги

Конкретна цел 3.1.4: Доопремување на работните места со потребната техничка опрема

Стратегиска цел 3.2:
Поддршка на економскиот развој преку изградба на соодветна инфраструктура

Конкретна цел 3.2.1: Зголемување на мобилноста на населението преку подобрување на патната и уличната инфраструктура

Конкретна цел 3.2.2: Заштита на подземните води преку изградба на канализациони системи и пречистителни станици

Конкретна цел 3.2.3: Да се подобри водоснабдувањето преку изградба и реконструкција на водоводните системи

Конкретна цел 3.2.4: Да се намали штетното влијание на комуналниот отпад преку систематски третман на цврстиот отпад

Оваа стратегиска област е со големо влијание на економските движења во општината. Невработеноста и миграцијата се два феномена кои негативно делуваат на животот и со една квалитетна реализација на обврските на локалната администрација и создавањето на услови за силна локална економија ќе се намали нивниот интензитет и дејство. На основа на анализата на економските податоци од профилот на општината идентификувани се две Стратегиски цели кои ќе водат до општо подигнување на новото на услугите во рамките на оваа долгорочно важна стратегиска област. Од една страна, тоа ќе биде сторено низ подобрување на ефикасноста на општинските органи и квалитетот на нивните услуги, а од друга страна преку изградба на соодветна инфраструктура која ќе го прати и поддржува економскиот напредок на општината Демир Хисар.

Подобрувањето на ефикасноста на општинската администрација (*како прва стратегиска цел во оваа област*) ќе биде поттикнато преку група активности врзани фокусирани на отстранувањетона потешкотиите во секојденвното функционирање на локалната администрација. Намалување на политичките влијанија во работата на администрацијата ќе овозможи зголемување на професионализмот во работењето и професионална изградба на вработените. Истовремено, зголемувањето на ефикасноста е тешко да се замисли без подобрување на организациската структура во склад со најновите законски прописи,

соодветното пополнување на систематизираните работни места со млади и соодветно образовани вработени, како и без техничко доопремување на работните места. Конечно, блиската комуникација со граѓаните и приватниот сектор и обезбедувањето на брза реакција и квалитетни општински услуги во однос на поднесените барања е основа за секоја успешна администрација. Заради тоа, една од најобемните (и финансиски и технички) активности во оваа Стратегиска област и поставувањето на Општински центар за услуги, кој треба да биде центар во кој сите заинтересирани страни ќе можат да добија соодветна и брза услуга од општината.

*Втората Стратегиска цел* во оваа област се фокусира на подобрување на инфраструктурните услови во општината на таков начин кој директно ќе води кон создавање на услови за забрзан економски развој. Подобрување на патната и уличната инфраструктура ќе води кон зголемување на мобилноста на населението и олесенто движење кон и во рамките на општината, додека подобреното водоснабдување преку изградба и реконструкција на водоводните системи е основа за подобрување на квалитетот на живот во општината и со тоа, зголемувањето на атрактивноста на Демир Хисар за надворешни инвестиции. Наедно, имајќи ја предвид важноста на животната средина за останатите стратегиски области на економскиот развој на Демир хисар (посебно руралниот туризам и прозиводството на храна) заштитата на подземните води (преку изградба на канализациони системи и пречистителни станици) и намалувањето на штетното влијание на комуналниот отпад (преку систематски третман на цврстиот отпад) се значајни конкретни цели кои ќе придонесат за севкупна реализација на Стратегискиот план за локален економски развој на Демир Хисар.

Стратегиска област 4:
Рурален развој (унапредување и зголемување на земјоделското производство)

Стратегиска цел 4.1:
Да се поддржи производство на здрава храна

Конкретна цел 4.1.1: Да се подигне капацитетот на фармерите за производство на здрава храна

Конкретна цел 4.1.2: Поддршка во користењето на ИПА средствата за рурален развој

Стратегиска цел 4.2:
Да се поттикне развојот на земјоделството

Конкретна цел 4.2.1: Поттикнување и создавање услови за развој на сточарството

Конкретна цел 4.2.2: Зголемување на пласманот на земојделски производи преку мерки за поддршка на фармерите

Конкретна цел 4.2.3: Подигнување на квалитетот на производството на храна преку обезбедување на наводнување на површините

Заедно со туризмот, оваа стратегиска област е од основно значење за локалниот економски развој на општината како рурална област со значајни површини на обработливо земјиште и пасишта. Профилот на општината и неговата анализа овозможија согледување на постоењето на овие предуслови, кои заедно со традицијата на квалитетно производство на храна ја дефинираат оваа област како многу значајна. Конкуретното производство на храна би се темелело на следниве предности и можности:

- Вкупна аграрна површина од околу 18.211ha од која речиси 8.000ha се земјоделско обработливо земјиште. Во обработливите површини, ораниците и бавчите учествуваат со 5.761ha (72,21%), овоштарниците со 260ha (3,26 %) додека ливадите со 1827ha односно 22,90%;

- Површините под пасишта (10.233ha) се голема можност за зголемен развој на сточарството и следствено на производство на млеко, млечни и месни производи;
- Етаблирање и промоција на производни групи во општината кои ќе бидат нашироко препознатливи по своето име и потекло (еколошко производство на храна: млеко и млечни производи, житарици, градинарски производи, овошје, планински чај, мед и производи од мед);
- Здружувањето на деловните субјекти за заеднички настап на пазари.

Земајќи ги предвид актуелните состојби на пазарот на прехранбени производи и значењето на производството на здрава храна од една страна, и можностите на располагање во општина Демир Хисар, од друга страна, првата стратегиска цел во оваа обаст се фокусира на поддршка на производство на здрава храна. Таа поддршка ќе се реализира преку зголемување на капацитетите на локалните фармери за производство на здрава храна односно нивно водење и едукација во однос на модерното земјоделство и современите техничко-технолошки земјоделски процеси. Подготовката на една Педолошка студија ќе биде од основно значење за правилното насочување на развојот на земјоделието и севкупното произовдство на храна во општина Демир Хисар. Истовремено, поддршката во користењето на развојните фондови на Европската Унија кои зе достапни за фармерите и производителите на храна нема да биде изоставена и ќе се реализира преку активности за идентификација на прифатливи проекти и стручни лица кои би можеле да помогнат во нивната реализација.

Во рамките на втората Стратегиска цел во оваа област, се предвидени активности кои ќе доведат до зголемување на интересот за развој на сточарството, односно кои ќе помогнат во подобрувањрто на пласманот на земјоделските производи од општината. Инфраструктурните зафати врзани за создавање услови за развој на сточарството, заедно со подгнувањето на квалитетот на производите преку реконструкција и изградба на мрежата за наводнување се основни зафати во тој контекст. Паралелно со тие активности, зголемување на интересот на индивидуалните земјоделци за регистрација и промоцијата на нивните производи во регионот и надвор од него ќе придонесе за зголемување на пласманот.

# 4.

## Спроведување на Стратегискиот план за ЛЕР и проектни задачи

### Основни принципи за спроведување на Стратегискиот план за ЛЕР на општина Демир Хисар

Стратегискиот план за економски развој на општина Демир Хисар е направен така да неговата реализација започнува со спроведување на помали и краткотрајни проекти, кои имаат помали трошоци, но нивните резултати се влез за реализација на останатите приоритетни проекти и програми.

За имплементација на Стратегискиот план за економски развој ќе биде одговорен Општинскиот тим за ЛЕР, како тело каде се присутни сите засегнати страни од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор на општината. Заради големината на Тимот и заради поголема ефикасност и флексибилност во спроведувањето на овој Стратегиски план, за оперативно управување ќе биде задолжено Одделението за ЛЕР во рамките на административните структури на општината. Задачите на Одделението за ЛЕР ќе бидат да:

- Ги подготвува програмските/проектните документи и предлози предвидени за реализација во текот на следната календарска година (према формуларот во Анекс 3.);
- Ги подготви или да организира тим за подготовка на сите потребни документи;
- Работи на обезбедување на финансиски средства за реализација на програмите / проектите (за што ќе биде соодветно награден), и
- Ја следи имплементацијата на програмите/проектите, врши контрола на спроведените проекти/програми и биде врска со Општинскиот тима за ЛЕР и општинската администрација во однос на Стратегискиот план за локален еконосмки развој.

Вработените во рамките на Одделението за ЛЕР е потребно да имаат познавања од Управување со проектен циклус и да имаат искуство во идентификација, планирање и имплементација на проекти. Од тие причини, инстуционалното зајакнување на Одделението за ЛЕР е од суштинско значење за успех на предвидените програми.

### Основни принципи за следење и оценка на спроведувањето на Стратегискиот план за ЛЕР на општина Демир Хисар

Во текот на секоја секоја година од имплементацијата на Стратегискиот план, Одделението за ЛЕР треба да поднесе извештај до Советот на општината односно Градоначалникот, претставувајќи ги истовремено резултатите на работата во претходниот период и планираните програми и проекти за следниот период. Покрај информациите за реализираните и планираните активности, извештајот треба да содржи доволно информации за тековните активности, анализи и податоци за индикаторите на тековните програми и цели, а во исто време и информации од претходните години (т.н. Ревизија на планот). Тоа ќе овозможи, општинските органи (Советот на општината и Градоначалникот) да можат да дадат насоки и инструкции за планот во наредната година.

Во текот на годината Раководителот на Одделението за ЛЕР има редовни тримесечни средби со Општинскиот тим за ЛЕР на кои го информира за тековните моменти од спроведувањето на Стратегискиот план, за постигнатите планирани резултати и индикатори за сите проекти и програми во тековната година. Со овој процес се овозможува континуирано следење и контрола на стратегискиот план во текот на петте планирани години, а во исто време е можна оцена на планираните и спроведените мерки за поттикнување и поддржување на економскиот развој во општината.

Голема е веројатноста дека во текот на имплементацијата на Стратегискиот план за ЛЕР на општина Демир Хисар ќе дојде до промена на некои од влезните големини или некои од предвидените ризици ќе се манифестираат со различен интензитет (било поголем или помал) од тој кој бил земен предвид при стратегиското планирање. Тоа ќе води кон идентификување на дополнителни проекти и програми кои се во согласност со стратегиските цели на планот односно политиките за достигнување на крајната цел – Визијата, а се во склад со моменталната состојба во општината. Општинскиот тим за ЛЕР, како тело кое ја согледало потребата за дополнување на програмската или проектната листа, ќе биде носител за внесување на новините во Стратегискиот план, односно ќе изврши негова ревизија.

# 5.
## АНЕКСИ

Анекс 1.
Листа на членови на Општинскиот тим за ЛЕР

| Реден број | Име | Презиме | Организација | Позиција |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мише | Милошевски | ЕЛС Демир Хисар | Раководител на Одделение за локален екеномски развој и оптшествени дејности |
| 2 | Љубе | Николовски | Совет на општина Демир Хисар | Претседател на Совет на општината |
| 3 | Злате | Бошевски | ЕЛС Демир Хисар | Помлад соработник за база на податоци, програмер и координатор со бизнис сектор |
| 4 | Влатко | Станковски | ЕЛС Демир Хисар | в.д. Раководитле на Одделение за финансиски работи и Буџет |
| 5 | Соња | Наумовска | ЕЛС Демир Хисар | Раководител на Одделение за урбанизам ЗЖС и комунални дејности |
| 6 | Сашо | Грнчаровски | Мотел-ресторан „Европа“ | Сопственик и управител |
| 7 | Драган | Станоевски | ЈКП „Комуналец“ | Раководител на одделение за водоснабдување |
| 8 | Стојан | Спировски | НГА „Или-ник“ | Член |
| 9 | Томе | Милошевски | ЕЛС Демир Хисар | Самостоен референт за земјоделие, занаетчиство, угостителство и туризам |
| 10 | Трајан | Цветановски | ,,Жито Брест,, с.Единаковци | Сопственик и управител |
| 11 | Аце | Настевски | Краварска фарма – Сопотница | Сопственик и управител |
| 12 | Трајче | Петровски | М.З. Кутретино | Член на месниот одбор |

Анекс 2.
Листа на поединци вклучени во подготовката на Стратегискиот план

| Име и Презиме | Институција | Фукнција |
|---|---|---|
| Розалија Василевска Карчитцка | УСАИД/ МЛСА | Мониторинг Координатор |
| Мише Милошевски | Општина Демир Хисар | Координатор |
| Глигор Стојков | ФаСТО, Скопје | Консултант |

Анекс 3.
Проектен формулар за подготовка на проектни апликации

| | |
|---|---|
| Име на проектот | |
| Носител на проектот | |
| Потребни средства за реализација на проектот | |
| Потребно време за реализација на проектот | |

Тип на проектот:
- ☐ Објекти од локалната инфраструктура
- ☐ Економски развој
- ☐ Образование
- ☐ Социјална заштита
- ☐ Култура
- ☐ Локална демократија, информирање и граѓанско учество
- ☐ Рурален развој
- ☐ Вработување
- ☐ Здравствена заштита
- ☐ Животна средина
- ☐ Спорт и рекреација
- ☐ Друго ___________________

А. Опис на проектот

1. Резиме (макс 200 зборови)

2. Основи за проектот (макс. 400 зборови)
   - Дефинирање на проблемот и негова оценка
   - Состојба во целното подрачје (не/постоење на соодветен објект услуга)
   - Идентификација на целната група (корисници / уживатели на резултатите)
   - Оценка на потребите и барањата на целната група, односно проценка на бројот на директни корисници / уживатели на резултатите

3. Опис на проектот (макс. 600 зборови)
   - Цели на проектот
   - Локација на проектот
   - Очекувани резултати од проектот
   - Степен на завршување на објект/услуга со спроведување на проектот
   - Придонес во создавање на претпоставки и подобрување на условите за економски развој
   - Придонес во подобрување на квалитетот на живот
   - Ризици и претпоставки за реализацијата на проектот
   - Одржливост на проектот

4. Времетраење и динамика на реализација на проектот (макс. дополнителни 100 зборови)
   - Активности во рамките на проектот
   - Носители на активностите на проектот
   - Временски распоред/редослед на активностите

| | Активност | Ресурси (број на луѓе) | Потребни финансиски средства | Временска рамка | Локација, место | Одговорно лице, институција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |

5. Финансиска конструкција на проектот
- Предмер пресметка за проекти од тврда инфраструктура (градежни проекти)

- Предлог-буџет за проектиод мека инфраструктура (институционална изградба)

- Предлог-буџет за проекти за економски развој

| **Трошоци** | **Единица** | **Број на единици** | **Поедниечна цена** | **Вкупна цена** |
|---|---|---|---|---|
| Градежни зафати | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Патни трошоци | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Човекови ресурси | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| ... | | | | |
| ... | | | | |
| xxxxxxxxxxxxxx | xxxxxxx | xxxxxxx | ВКУПЕН ИЗНОС | |

Доколку има потреба, додадете редови во табелата.

6. Дали предлог-проектот резултира со зголемена енергетска ефикасност или генерира позитивни ефекти по животната средина (или еколошка ефикасност) и на кој начин?

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

7. Кој односно кое тело ќе раководи со употребата и одржувањето на објектот/услугата и на кој начин ќе биде реализирано одржувањето на објектот/услугата?

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

8. На кој начин ќе биде обезбедено финансирањето на објектот/услугата во иднина?

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

9.Дополнителни информации во зависност од специфичноста на проектот (макс. 200 зборови)
- Проектна документација
- Постоење на техничка документација
- Дозволи за градба:
  Дали е обезбедена градежна дозвола?
  Чија сопственост е земјиштето, дали е регулирана неговата употреба и на кој начин?
- Влијанија на предлог проектот на животната средина (позитивни/негативни) врз клучните еколошки области:
  - Загадување на воздух, вода, почва
  - Бука, миризба
  - Флора и фауна
  - Културно и историско наследство
  - Геолошки пореметувања

Анекс 4. Користени кратенки

| | |
|---|---|
| АД | Акционерско друштво |
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЖС | Заштита на животната средина |
| ИПА | Предпристапни фондови на Европската унија |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МЛСА | Проект за поддршка на локалната власт (проект финансиран од УСАИД) |
| МЗ | Месна заедница |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство |
| НВО | Невладини организации |
| НОБ | Народно ослободителна борба |
| ОЦУ | Општински центар за услуги |
| ПРЕДА | Регионална развојна агенција на Пелагонија |
| SWOT | Анализа на актуелната состојба - кратенка од: Strength (Силни страни), Weaknesses (Слаби страни), Opportunities (Можности) и Threats (Закани) |
| СУДЕП | Проект за поддршка на процесот на децентрализација (проект финансиран од ЕУ) |
| УСАИД | Американска агенција за мегународен развој |

Анекс 5.
Табеларен приказ на Стратегискиот план за ЛЕР на општина Демир Хисар

Програмите дефинирани за реализација на зададените цели на локалниот економски развој на општина Демир Хисар се поместени подолу во Табелите. Секоја од Табелите ги содржи сите проекти предвидени за реализација на една Конкретна цел. Потребните финансиски средства за реализација на програмите и проектите кои се дел на овој Стратегиски план, се приближни и ќе бидат поблиску дефинирани со развојот на проектните задачи за секој од проектите, каде треба да се идентификуваат и потенцијалните извори за нивно финансирање. Деталните буџети ќе бидат предмет на деталната припрема на Програмите и Проектите.

Исто така предвидените индикатори, треба да бидат предмет на понатамошен развој, во процесот на припрема и имплементација на конкретните Програми и Проекти. Во колоната „Одговорни за имплементација" во Табелите се дадени оние авторитети кои треба да бидат вклучени во организирањето на активностите, и кои во најголем дел ќе имаат задача да ги делегираат активностите.

Овој Стратегиски план претставува водич за Градоначалникот, администрацијата на локалната самоуправа, Советот на општината, бизнис заедницата, невладиниот сектор и граѓаните, во припремата на проектите и во планирањето на буџетите за поттикнување на економскиот развој.

Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

<table>
<tr><td colspan="3"><u>СЦ 1:</u> Да се поттикне развојот и промоцијата на туризмот и да се понуди општина Демир Хисар (ОДХ) на посетителите преку заедничка работа на Советот на општина Демир Хисар (СОДХ), градоначалникот, општинската администрација, бизнис операторите и локалните заедници</td><td colspan="2">Временски период 2008-2011</td></tr>
<tr><td colspan="5"><u>Конкретна цел 1.1:</u> Да се развијат цврсти партнерски односи помеѓу советот, градоначалникот, општинската администрација, бизнис операторите и локалните заедници за имплементирање на општинските стратегиски планови и планот за развој на туризмот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати</td><td colspan="3">Индикатори</td></tr>
<tr><td colspan="2">1. Акциониот план е усвоен<br>2. Во ОЛЕР има ангажирани вработени за развој на туризмот<br>3. Центарот за туристички услуги/туристичкото биро е формиран/о<br>4. Централната база на Проектни карти изработена и се најдува во ОЛЕР<br>5. Формирани проектни тимови за одредени проекти</td><td colspan="3">1. Одлуката е објавена во СГ на ОДХ<br>2. Во наредните 12 месеци најмалку 2 вработени работат на развој на туризмот. Во буџетот тековно се предвидени средства за поддршка/имплементација на приоритетни проекти<br>3. ЦТУ/ТБ има вработени и простории каде делува<br>4. Базата тековно се надополнува<br>5. Одлуки за формирање на тимовите</td></tr>
<tr><td>Програма/Проект</td><td>Клучни задачи</td><td>Временска рамка</td><td>Буџет (Евра)</td><td>Одговорен</td></tr>
<tr><td>1. Формирање на проектни тимови</td><td>За секој од приоритетните проекти во процесот на припрема и имплементација да се одредат проектни тимови со јасно дефинирани одговорности и систем на наградување</td><td>Тековно</td><td>Во зависност од потребите на проектите</td><td>ОЛЕР</td></tr>
<tr><td>2. Акционен план за развој на туризмот на општина Демир Хисар 2008-2011</td><td>Советот на општина Демир Хисар формално да го усвои Акциониот план за развој на туризмот во општина Демир Хисар и да го задолжи градоначалникот со одговорност за имплементација</td><td>Јули 2008</td><td>/</td><td>СОДХ</td></tr>
<tr><td>3. Зголемување на капацитетите на ОЛЕР</td><td>За ОЛЕР да се предвидат соодветни човечки и финансиски ресурси за имплементација на Акциониот план</td><td>Декември 2008 тековна година</td><td>Во зависност од приоритетните проекти</td><td>ОЛЕР, Градоначалник, СОДХ</td></tr>
<tr><td>4. Да се формира центар за туристички услуги/туристичко биро (ЦТУ/ТБ)</td><td>Градоначалникот да го иницира формирањето на ЦТУ/ТБ, во соработка со бизнис секторот и заедницата</td><td>Март 2009</td><td>3000/г</td><td>Градоначалник, бизнис сектор</td></tr>
<tr><td>5. Да се изработи централна база на Проектни карти</td><td>Според одредена форма да се соберат што повеќе информации за предвидените проекти во АП</td><td>Март 2009</td><td>Во зависност од проектот да се предвиди ОБ за ПТ</td><td>ОЛЕР, Градоначалник, Совет</td></tr>
</table>

Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

<table>
<tr><td colspan="3"><u>СЦ 1:</u> Да се поттикне развојот и промоцијата на туризмот и да се понуди општина Демир Хисар на посетителите преку заедничка работа на Советот на општина Демир Хисар, градоначалникот, општинската администрација, бизнис операторите и локалните заедници</td><td colspan="3">Временски период 2008-2011</td></tr>
<tr><td colspan="6"><u>Конкретна цел 1.2:</u> Одделението за локален економски развој и Центарот за туристички услуги/Туристичкото биро да станат главна точка за развој и маркетинг на туризмот во општина Демир Хисар</td></tr>
<tr><th colspan="3">Резултати</th><th colspan="3">Индикатори</th></tr>
<tr><td colspan="3">1. Официјалниот туристички портал “Истражете ја недопрената природа“ во електронската промоција на туризмот во општина Демир Хисар е препознат како водечка веб страна од страна на туроператорите и посетителите<br>2. Изработен годишен маркетинг план за туризам (МПТ)<br>3. Информативниот туристички билтен е изработен и дистрибуиран<br>4. Воспоставена соработка со националните туристички асоцијации</td><td colspan="3">1. Бројот на посетители на веб страната до 2011 е поголем од 5000 посетители месечно<br>2. Заинтересираните страни се запознати со МПТ<br>3. Бројот на корисници на билтенот е поголем од 1500 месечно до 2011<br>4. Потпишани меморандуми за соработка</td></tr>
<tr><th>Програма/Проект</th><th colspan="2">Клучни задачи</th><th>Временска рамка</th><th>Буџет (Евра)</th><th>Одговорен</th></tr>
<tr><td>1. Постојано ажурирање на туристичкиот портал</td><td colspan="2">Континуирано ажурирање на официјалниот туристички портал “Истражете ја недопрената природа“ (http://www.exploredemirhisar.info/). Поставување на линкови на порталот кон другите њеб страни кои го претставуваат културното и природното богатство во општина Демир Хисар. На пример: http://manastir.org.mk ; www.bibliotekababino.org.mk ; www.demirhisar.gov.mk , кои исто такатреба да се ажурираат и да содржат линкови кон туристичкиот портал. Да се поттикнат учесниците во туризмот да го користат туристичкиот портал.</td><td>Тековно</td><td>1000/г</td><td>ОЛЕР, ЦТУ/ТБ</td></tr>
<tr><td>2. Изработка на годишни маркетинг планови</td><td colspan="2">ОЛЕР и ЦТУ/ТБ да припремат годишни маркетинг планови кои ќе ги содржат активностите за промоција за таа година и можностите за заединцата и операторите</td><td>Ноември тековна година</td><td>1000/г</td><td>ОЛЕР, ЦТУ/ТБ</td></tr>
<tr><td>3. Изработка на информативен туристички билтен</td><td colspan="2">ОЛЕР и ЦТУ/ТБ да развијат информативен туристички билтен кој ќе се дистрибуира електронски до заинтересаните организации и индивидуи</td><td>Квартално тековна година</td><td>1200/г</td><td>ОЛЕР, ЦТУ/ТБ</td></tr>
<tr><td>4. Соработка со националните туристички асоцијации</td><td colspan="2">ОЛЕР го информира туристичкиот сектор за маркетинг иницијативите од страна на националните туристички асоцијации како и за релевантните истражувања, студии и статистики</td><td>Тековно</td><td>1000/г</td><td>ОЛЕР, ЦТУ/ТБ</td></tr>
</table>

Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

| **<u>СЦ 1:</u>** *Да се поттикне развојот и промоцијата на туризмот и да се понуди општина Демир Хисар на посетителите преку заедничка работа на Советот на општина Демир Хисар, градоначалникот, општинската администрација, бизнис операторите и локалните заедници* | | | | **Временски период 2008-2011** |
|---|---|---|---|---|
| **<u>Конкретна цел 1.3:</u>** Да се зголемат способностите на претприемачите и заедницата за развој на туризмот | | | | |
| **Резултати** | | **Индикатори** | | |
| 1. Вработените во ОЛЕР и ЦТУ/ТБ се обучени за идентификување на извори и аплицирање за финансиски средства<br>2. Локалното население има активен однос кон поттикнувањето и развојот на туризмот<br>3. Локалните претприемачи имаат знаење да бидат носители на туристичкиот развој<br>4. Воспоставени деловни односи со партнери од пограничните региони на Грција и Албанија | | 1. Број на финансирани проекти<br>2. Број на приватни иницијативи и проекти<br>3. Број на бизниси и работни места отворени од страна на претприемачите<br>4. Зголемен приходот како резултат од прекуграничната соработка | | |
| **Програма/Проект** | **Клучни задачи** | **Временска рамка** | **Буџет (Евра)** | **Одговорен** |
| 1. Програма за градење на човечките ресурси и капацитети за идентификување и аплицирање за проекти во руралниот и културниот туризам | На вработените во ОЛЕР и ЦТУ/ТБ, како и на надворешните туристички соработници да им се овозможи стекнување на нови знаења и надградба, за да можат да бидат носители во процесот на аплицирање за финансиски ресурси. Во целиот процес да се вклучат и услугите од надворешни консултанти. | Тековно | 5000/г | Градоначалник, одговорен за РЧР |
| 2. Програма за подигнување на локалната свест за вредностите на Демир Хисар за развој на руралниот и културниот туризам | Одржување на специјализирани тематски трибини и работилници во населените места кои се дел од плановите за туристички развој, со кои ќе се зголеми знаењето на населението за искористување на можностите од туризмот | Тековно | 3000/г | ОЛЕР, ЦТУ/ТБ |
| 3. Програма за обука и сертифицирање на водичи и други туристички профили | Поддршка на заинтересираните граѓани за обука и добивање на сертификати за водичи и други туристички работници | Тековно | 3000/г | Градоначалник, СОДХ |
| 4. Програма за зголемување на способноста на претприемачите за развој на туризмот | Поддршка на локалните носители со зајакнување на нивните способности да го подобрат својот животен стандард преку сопствено вклучување во развојот и промовирањето на туризмот | Тековно | 3000/г | ОЛЕР, ЦТУ/ТБ |
| 5. Изградба на капацитети за прекугранична деловна соработка; | Зајакнување на прекуграничниот дијалог на општините, бизнисот и НВО. Градење на знаење и капацитет за прекугранична соработка | Тековно | 3000/г | Градоначалник, ОЛЕР, ЦТУ/ТБ, бизнис секторот |

Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

<table>
<tr><td colspan="4"><u>СЦ 2:</u> Да се привлечат домашните и странските ловци и поклоници на фотосафарито во ловиштата во општина Демир Хисар преку уредување на ловиштата и обезбедување на ресурси за ловен туризам</td><td>Временски период 2008-2011</td></tr>
<tr><td colspan="5"><u>Конкретна цел 2.1:</u> Да се поддржи зголемувањето на капацитетите на ловното друштво “Елен“ за менаџирање на ловиштата</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати</td><td colspan="3">Индикатори</td></tr>
<tr><td colspan="2">1. Локалните ловци играат проактивна улога во развојот на ловниот туризам<br>2. Ловностопанските основи се изработени и Ловното друштво “Елен“ е концесионер на четирите ловишта:“Базерник“,“ Лесково“, Журче“ и “Прибилци“<br>3. Ловците се придржуваат кон ловната етика<br>4. Менаџментот на ловиштата успешно стопанисува со ловиштата</td><td colspan="3">1. Секоја година се зголемува бројот на локални ловци вклучени во активностите за поттикнување и развој на ловниот туризам<br>2. Одлуката објавена во Сл. весник на РМ<br>3. Бројот на отстрелан дивеч од страна на криволовците е намален и бројноста на дивечот во ловиштата е во рамките на реалниот прираст<br>4. Секоја година приходот од ловниот туризам и фотосафарито е во постојан пораст. Наплатата на членарината е 100%</td></tr>
<tr><td>Програма/Проект</td><td>Клучни задачи</td><td>Временска рамка</td><td>Буџет (Евра)</td><td>Одговорен</td></tr>
<tr><td>1. Програма за едукација на локалните ловци за развојот на ловниот туризам</td><td>Организирање на тематски трибини и работилници за локалните ловци, за подигање на нивната свест за можностите и користа од развојот на ловниот туризам, и нивната улога во тој процес</td><td>Тековно</td><td>2000/г</td><td>ЛД “Елен“, Градоначалник</td></tr>
<tr><td>2. Изработка на Ловностопански основи за четирите ловишта и добивање на нова концесија</td><td>Да се изработат нови Ловностопански основи, и ловното друштво “Елен“, да продолжи со стопанисувањето на ловиштата</td><td>2009</td><td>2000</td><td>ЛД “Елен“, Градоначалник, СОДХ</td></tr>
<tr><td>3. Програма за намалување на криволовот</td><td>Едукација на ловците за ловната етика. Засилување на контролата на ловиштата. Казнување на прекршителите.</td><td>Тековно</td><td>/</td><td>ЛД“Елен“, Градоначалник, Совет</td></tr>
<tr><td>4. Едукација за менаџирање со ловиштата во функција на ловниот туризам</td><td>Организирање на обука за менаџментот со ловиштата, за добрите практики на менаџмент и менаџирањето со стопанисувањето со ловиштата во функција на ловниот и фотосафари туризмот. Наплата на членарината</td><td>2009<br>Тековно</td><td>2000</td><td>ЛД“Елен“</td></tr>
</table>

Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

| **СЦ 2:** *Да се привлечат домашните и странските ловци и поклоници на фотосафарито во ловиштата во општина Демир Хисар преку уредување на ловиштата и обезбедување на ресурси за ловен туризам* | | | **Временски период 2008-2011** | |
|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 2.2:** Да се поддржи уредувањето на ловиштата | | | | |
| **Резултати** | | **Индикатори** | | |
| 1. Ловно-техничките и ловно-стопанските објекти и помагала изградени во ловиштата се во функција на ловниот туризам<br>2. Патеките се мапирани и сигнализацијата е поставена<br>3. Резерватот за дивеч е во функција<br>4. Ловиштата се збогатени со нови видови на дивеч<br>5. Ловното друштво "Елен" располага со современа ловна и друга техничка (логистичка) опрема за организирање на ловен туризам и фотосафари | | 1. Број на изградени објекти и помагала според стандарди<br>2. Број на мапирани ловни патеки и број на поставена сигнализација<br>3. Број на одгледан дивеч<br>4. Број на нови видови на дивеч<br>5. Број, тип и квалитет на ловната и друга техничка (логистичка) опрема | | |
| **Програма/Проект** | **Клучни задачи** | **Временска рамка** | **Буџет (Евра)** | **Одговорен** |
| 1. Програма за изградба на ловно-технички и ловно-стопански објекти и помагала | Во рамките на Ловно-стопанските основи на ловиштата да се предвидат објектите и помагалата, и да се планира нивната изградба во функција на ловниот туризам и фотосафарито. Тука се вклучени: хранилишта и солишта, кули и чеки, како и изградба на ловна куќа во секое од ловиштата. | 2009 тековна година | Според проектните пресметки | ЛД"Елен" |
| 2. Програма за мапирање на ловни патеки и поставување на сигнализација | Дефинирање на ловни патеки, нивно чистење и обезбедување сигнализација во ловиштата | 2009 тековна година | Според проектните пресметки | ЛД"Елен" |
| 3. Програма за изградба на резерват/и за дивеч | Во рамките на ловно-стопанската основа да се предвиди: изградба на резервати за дивеч (во неколку фази) како и оградување на ловиштата. Набавка на дивеч. | 2009 тековна година | Според проектните пресметки | ЛД"Елен" |
| 4. Населување на дивеч што го нема во ловиштата | Набавка на дивеч што го нема во ловиштата, а е високо ценет од страна на ловците. | 2009 тековна година | Според проектните пресметки | ЛД"Елен" |
| 5. Програма за набавка на опрема за ловното друштво за поддршка на ловниот туризам | Да се испитаат можностите за набавка на теренски возила и друга опрема за ставање во функција на постоечките ресурси за ловен туризам | 2009 | Според проектните пресметки | ЛД"Елен" |

Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

| **СЦ 2:** *Да се привлечат домашните и странските ловци и поклоници на фотосафарито во ловиштата во општина Демир Хисар преку уредување на ловиштата и обезбедување на ресурси за ловен туризам* | **Временски период 2008-2011** |
|---|---|

**Конкретна цел 2.3:** Да се поттикне промоцијата на ловиштата

| **Резултати** | **Индикатори** |
|---|---|
| 1. Годишниот маркетинг план (МП) им е познат на заинтересираните ловци<br>2. Официјалниот туристички портал е водечка веб страна за промоција на ловниот туризам<br>3. Ловиштата во општина Демир Хисар се посакувана дестинација на домашните ловци<br>4. Ловното друштво “Елен“ има воспоставено активна соработка со други ЛД од земјата и странство | 1. Број на настани и активности во МП и нивен квалитет. Број на информирани ловци за МП<br>2. Број на остварени ловни аранжмани, врз основа на промоцијата на ловиштата на веб страната<br>3. Бројот на домашни ловци е во постојан пораст<br>4. Број на активни меморандуми за соработка |

| **Програма/Проект** | **Клучни задачи** | **Временска рамка** | **Буџет (Евра)** | **Одговорен** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Изработка на маркетинг план | Маркетинг планот треба да ја содржи понудата на настаните и атракциите во тековната година, | Декември 2008, Тековно | 500/г | ЛД“Елен“, |
| 2. Промоција на ловиштата и ловната понуда на официјалниот туристички портал | ЛД“Елен“ и приватните ловишта да го користат туристичкиот портал за своја промоција | Тековно | 300/г | ЛД“Елен“, |
| 3. Воспоставување на ловиштата на ловната карта на државата | Промоција на ловиштата пред домашните туристички оператори, преку организирање на настани во ловиштата за операторите | 2009 | 4000 | ЛД“Елен“, Градоначалник |
| 4. Комуникација и соработка со ловци и ловни друштва од соседните општини, и од соседните држави | Одржување на воспоставените релации со првото ловно друштво од Флорина и воспоставување на нови релации. | Тековно | 3000/г | ЛД“Елен“, Градоначалник |

Стратегиска област 1: Развој на општината како посакувана туристичка дестинација за рурален и културен туризам

